Архивски знак:
Shenja arkivore: ____________
Рок на чување:
Afati i ruajtjes: ____________
_____20___година
viti
Потпис
Nënshkrimi

СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА
Република Северна Македонија
KËSHILLI PËR AVANSIM DHE MBIKËQYRJE TË REVIZIONIT NË
Republikën e Maqedonisë së Veriut

| Примено: Pranuar me: | 28.03.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 10/25 | 1 | |


**ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА**
**ДООЕЛ Скопје**

Дрезденска бр 52, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

e-mail: ljupcho@pecevrevizija.mk
www.pecevrevizija.mk

0302 - 85
28.03.2025

**До СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ**
**И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА**

**ПРЕДМЕТ: Достава на Извештајот за транспарентност за 2024 година**

Согласно Законот за ревизија во прилог на овој допис Ви го доставуваме Извештајот за транспарентност на Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје за 2024 година.

Со почит,

Управител

Љупчо Пецев

Друштво за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ

Согласно член 35 од Законот за ревизија (Службен весник на Р.М. број 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 122/21), Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје објавува

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2024 година

## 1. Опис на правната структура и сопственост

Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје е друштво со ограничена одговорност основано на 17.01.2020 година. Друштвото е регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со ЕМБС 7408650.

Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје настана со поделба на Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје, кое што беше основано на 10.02.1994 година.

Друштвото е заведено под број ДР036 во регистарот на друштва за ревизија при Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

Друштвото има добиено лиценца за работа број 08 - 2 од 10.02.2020 година од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија. Регистарски број на лиценцата е 32.

Со состојба на 31.12.2024 година бројот на вработени лица во ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје изнесуваше 10 лица, сите вработени на неопределено време. Лиценца за овластен ревизор поседуваат 3 лица, и тоа: Љупчо Пецев, Костадин Пецев и Владимир Иветиќ.

Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје има основна главнина во износ од 308.000 денари. Сопственик на Друштвото е овластениот ревизор Љупчо Пецев.

Друштвото е регистрирано со главна приходна шифра 69.20 - сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Друштвото нема регистрирано подружници во земјата или странство, ниту е основач во други друштва во земјата или странство.

Друштвото има направено годишно осигурување од одговорност согласно Законот за ревизија според полиса број 13053000056320/0 со минимална сума на покривање до 250.000 евра по штетен настан и период на осигурување од 17.01.2025 до 17.01.2026 година.

## 2. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа

Друштвото делува на територијата на Република Северна Македонија како локално друштво за ревизија и не припаѓа на меѓународни професионални мрежи. ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје дава услуги на комитенти и за комитенти што делуваат на пазарот во Република Северна Македонија.

## 3. Опис на управувачката структура

Со Друштвото управува управителот Љупчо Пецев кој што истовремено е и единствен содружник.

## 4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото и Изјава од овластениот надлежен орган на Друштвото за ефективноста на функционирањето на овој систем

Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје има воспоставено, спроведува и следи систем за контрола на квалитет кој обезбедува разумно уверување дека друштвото и персоналот работат во согласност со Меѓународниот стандард за контрола на квалитет (МСКК) 1 "Контрола на квалитет за фирми кои спроведуваат ревизии и проверки на финансиски извештаи, и други ангажмани на уверување и поврзани услуги" и дека извештаите за ангажманите на друштвото се соодветни со околностите. Главна цел на Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје е да обезбедува услуги со висок квалитет за своите клиенти. Секој партнер на ангажман и член на персоналот, до различни степени, се одговорни за спроведување на политиките на контролата на квалитетот на друштвото. Управителот на Друштвото го има крајниот авторитет и одговорноста за системот на контрола на квалитет.

Системот за контрола на квалитет во Друштвото опфаќа политики и процедури за секој од следните елементи: Одговорности на раководството за квалитет во друштвото; Релевантни етички барања; Прифаќање и продолжување на врските со клиентот и специфични ангажмани; Човечки ресурси; Спроведување на ангажманот; Следење; и Документирање.

*4.1. Одговорности на раководството за квалитет во друштвото*

Управителот на Друштвото ја има одговорноста за проверка на контролата на квалитет, за сите прашања поврзани со етиката, вклучувајќи ги независноста, конфликтот на интереси, приватноста и доверливоста, како и за сите функции од областа на човечките ресурси.

*4.2. Релевантни етички барања*

Партнерите на ангажман и целиот персонал мора да бидат независни во однос на нивните клиенти и ангажмани. Независноста се одржува за време на целиот период на ангажманот за сите ангажмани на уверување, како што се бара од Меѓународната федерација на сметководители, Кодексот на етика на професионалните сметководители, МСКК 1, и Меѓународниот стандард за ревизија 220 "Контрола на квалитет за ревизија и финансиски извештаи".

Доколку заканите за независноста не можат да бидат елиминирани или намалени до едно прифатливо ниво со примена на соодветни мерки на заштита, друштвото ќе ја елиминира активноста која ја предизвикува заканата или ќе одбие да го прифати или продолжи ангажманот. Кога клиент за ревизија е котирачки ентитет, а партнерот кој го води ангажманот бил одговорен за ревизијата во период од седум години, тој нема да врши ревизија на финансиските извештаи во времетраење од најмалку две години.

Партнерите на ангажман и персоналот имаат обврска да ги заштитуваат и чуваат како доверливи сите информации за клиентот кои треба да се чуваат како тајни и да се заштитуваат согласно законите и другите регулативи, политиката на друштвото и специфичните инструкции или договори со клиентот. Информациите за клиентот и кои било други лични информации добиени за време на ангажманот ќе бидат користени или обелоденети само за целта поради која биле собрани.

*4.3. Прифаќање и продолжување на врските со клиентот и специфични ангажмани*

Друштвото прифаќа нови ангажмани или ги продолжува постоечките само со одобрување на управителот, по извршена проверка во согласност со политиките и процедурите на Друштвото. За секој тековен ангажман и за секој нов клиент се врши документирана проверка која вклучува и проценка на ризиците поврзани со клиентот.

*4.4. Човечки ресурси*

Управителот ги проценува барањата за професионална услуга за да биде сигурен дека Друштвото има капацитет и стручност за да се задоволат потребите на клиентот. Овластените ревизори и персоналот мора да ги исполнуваат условите за континуирано професионално усовршување кои се дефинирани во Законот за ревизија и соодветните меѓународни стандарди.

Преку своите политики и процедури, Друштвото обезбедува назначување на соодветни партнери на ангажман и персонал на секој ангажман. Управителот го планира распоредувањето на персоналот. Тој, исто така, има одговорност да се осигури дека назначените поединци, но и тимот како целина, ги имаат потребните способности да го извршат ангажманот во согласност со професионалните стандарди и со системот за контрола на квалитет на Друштвото.

*4.5. Спроведување на ангажманот*

Политиките и процедурите на друштвото се дизајнирани да обезбедат разумна сигурност дека друштвото и персоналот соодветно ги планираат, надгледуваат и проверуваат ангажманите и дека извештаите за ангажманите се соодветни на околностите. Друштвото обезбедува стандардизирани работни документи потребни за документирање на ангажманот за клиентот. Партнерот на ангажманот е одговорен за потпишување на извештајот на ангажманот и како лидер на тимот на ангажманот е одговорен за севкупниот квалитет за секој ангажман за кој е назначен.

За сите значајни или сложени прашања идентификувани за време на планирањето или за време на ангажманот, партнерот кој го води ангажманот треба да се консултира со другите партнери на ангажман и со членови на персоналот кои имаат соодветно искуство и знаење. По потреба може да се оствари консултација и со стручни лица надвор од Друштвото.

*4.6. Следење*

Следењето примарно се состои од разбирање на системот на контрола и определување до кој степен истиот ефикасно функционира. Исто така, следењето вклучува и развојни препораки за да се подобри системот.

*4.7. Документирање*

Друштвото има воспоставено политики и процедури дизајнирани да ја одржат доверливоста, интегритетот, безбедноста и пристапот до документацијата на ангажманот.

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија, Друштвото се придржува во својата работа кон донесените политики за контрола на квалитетот, заради ефективно извршување на поставените задачи од страна на вработените во друштвото. Изјавата за ефективност на функционирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет е дадена во Прилог 1 на овој Извештај.

## 5. Датум кога е извршена последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот

Проверка за уверување во квалитетот на ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје е извршена во периодот април - мај 2024 од страна на овластено лице на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија. Предмет на контролата беа системот за контрола на квалитет на Друштвото и три ревизии на финансиски извештаи за годината што заврши на 31 декември 2022 година.

## 6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на 2024 година

**Законски ревизии**

1. Агро Јуником ДООЕЛ Скопје;
2. А-Инвест ДООЕЛ Скопје;
3. Акселтра ДООЕЛ Скопје;
4. Атлантик ДООЕЛ Скопје;
5. Бисер травел ДОО Скопје;
6. БНБ компани ДОО Скопје;
7. Browse Бонанца урбан ДОО Скопје;
8. Ватросталнa ДОО Скопје;
9. Витек ДОО Илинден;
10. Геохидроинженеринг ДОО Скопје;
11. Градежен институт Македонија АД Скопје;
12. Европа АД Скопје (котиран ентитет);
13. Енерго систем ДОО Скопје;
14. Еуро експертс АД Скопје;
15. Илинден АД Струга;
16. Инвенсис ДООЕЛ Скопје;
17. Јого меркур ДООЕЛ Скопје;
18. КАК ДОО Скопје;
19. Катлановска бања ДОО Катланово;
20. Консалтинг Д ДООЕЛ Скопје;
21. Лотарија на Македонија АД Скопје (котиран ентитет);
22. Мак-бет ДОО Скопје;
23. Македонија ДОО Битола;
24. Макошпед АД Скопје (котиран ентитет);
25. Мактек ДООЕЛ Скопје;
26. Металхем ДООЕЛ Скопје;
27. Метро АД Скопје;
28. Миса-мг ДООЕЛ Скопје;
29. Мое осигурување АД Скопје;
30. Монтинг енергетика ДОО Скопје;
31. Нов независен осигурителен брокер АД Скопје;
32. Обд мега брокер АД Скопје;
33. Опен ги груп ДООЕЛ Скопје;
34. Осогово милк ДОО с. Соколарци;
35. Паксон ДОО Скопје
36. Петрол-оил брокер АД Скопје;
37. Про-инс АД Скопје;
38. Рудници Бањани АД Скопје (котиран ентитет);
39. Раде Кончар Сервис ДОО Скопје;
40. Раде Кончар ТЕП ДООЕЛ Скопје;
41. Рамус ДООЕЛ Скопје;

42. Ресорт Маврово ДОО с. Маврово - Маврови Анови;
43. Рифам ДОО Гостивар;
44. Сафе лифе АД Скопје;
45. Сервис петрол ДОО Скопје;
46. Серта ДООЕЛ Скопје;
47. Смелт-инг ДОО Скопје;
48. Солар ни ДОО Скопје;
49. Стокопромет АД Скопје (котиран ентитет);
50. Стокуќа ДООЕЛ Скопје;
51. Тастепоинт ДООЕЛ Скопје;
52. Текноксгруп Македонија ДООЕЛ с.Бразда, Чучер Сандево;
53. Трготекстил малопродажба АД Скопје (котиран ентитет);
54. Трница ДОО с. Трница;
55. Уготур АД Скопје (котиран ентитет);
56. Фершпед АД Скопје (котиран ентитет);
57. Фершпед брокер АД Скопје;
58. Филиповски транс ДООЕЛ Скопје;
59. Фортис про АД Скопје;
60. ФХЗХ ДОО Скопје;
61. ФХЗХ Цинесите ДОО Скопје;
62. Хени-компани ДООЕЛ с. Слупчане Липково;
63. Хотели Метропол АД Охрид (котиран ентитет).

**Договорни ревизии**

1. Атрик ск ДООЕЛ Скопје;
2. ГС1 Македонија Скопје;
3. Еуро пхарма плус ДОО с. Моин Гевгелија;
4. Југоопрема АД Скопје;
5. ПНУ ИЕГЕ Скопје;
6. Сеинг-компани ДООЕЛ Скопје;
7. СЗВ на Македонија Скопје;
8. СЗВ Центар за возила ДООЕЛ Скопје;
9. Стопанска Комора на Северна Македонија;

## 7. Изјава за независното работење на Друштвото со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени

Партнерите на ангажман и персоналот на Друштвото се должни да потпишат писмена изјава за независност дека се во согласност со политиките и процедурите на Друштвото кои се засновани на Оддел 290 од Кодексот за етика на професионалните сметководители на Меѓународната федерација на сметководители.

Секој партнер на ангажман и вработен назначен да работи на ангажман за уверување е должен да потпише писмена изјава дека е независен од клиентот и ангажманот или да го известат управителот на Друштвото за која било закана или потенцијална закана за независноста со што ќе се овозможи примена на заштитни мерки.

Изјавата со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста е дадена во Прилог 2 на овој Извештај.

## 8. Изјава за политиката што ја следи Друштвото за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори

Согласно одредбите од Законот за ревизија овластените ревизори во текот на годината имаат обврска да посетуваат обука од најмалку 40 часа годишно во рамките на континуираното професионално усовршување заради надградување на знаењето од областа на сметководството и ревизијата. Обуката се организира од Институтот на овластени ревизори на Република Македонија. Овластените ревизори остваруваат континуирана едукација и преку следење на странска стручна литература од областа на сметководството и ревизијата. Вработените во Друштвото посетуваат семинари и курсеви за обука од областа на сметководството и ревизијата интерно организирани во Друштвото.

Изјавата за политиката што ја следи Друштвото за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори е дадена во Прилог 3 на овој Извештај.

## 9. Финансиска информација за приходите на Друштвото

### 9.1. Список (листа) на услуги кои ги нуди Друштвото

- Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки (согласно МСР);
- Дополнителни услуги за уверување во квалитет (согласно другите релевантни објави на IFAC, прифатени и објавени во Р. С. Македонија);
- Даночни советодавни услуги: даночен консалтинг и даночни проверки;
- Други неревизорски услуги: длабински анализи, проценки за потреби на инвеститори, инвестициони програми.

### 9.2. Финансиска информација за вкупните приходи

| **во илјади денари** | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки | 10.514 | 8.607 |
| Дополнителни услуги за уверување во квалитет | - | - |
| Даночни советодавни услуги | - | - |
| Други неревизорски услуги | 28 | 15 |
| **ВКУПНО** | **10.542** | **8.622** |

## 10. Основа според која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Примањата на овластените ревизори во Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје се утврдуваат врз следните основи:

- Плата согласно Договорот за работа, која може да биде променета во текот на годината во согласност со финансиската успешност и ликвидноста на Друштвото;
- Дивиденда за овластениот ревизор сопственик на Друштвото, а поврзано со финансиската успешност и ликвидност на Друштвото.

Скопје, март 2025

Управител

Љупчо Пецев

Друштво за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ

**Прилог 1**

**Изјава за ефективноста на функционирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Изјавувам дека Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје во своето работење се придржува кон постапките на контрола на квалитет и дека внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото ефективно функционира.

Скопје, март 2025

Управител

Љупчо Пецев

Друштво за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ

**Прилог 2**

**Изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста**

Изјавувам дека во Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведуваат.

Скопје, март 2025

Управител

Љупчо Пецев

**Прилог 3**

## Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуираната едукација на овластените ревизори

Изјавувам дека Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје ја следи воспоставената политика за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори.

Скопје, март 2025

Управител

Љупчо Пецев

Друштво за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ